## Заклучоци за Република Македонија

*(извадок од Соопштениeто од Комисијата до Европскиот парламент и до Советот „Стратегија за проширување и главни предизвици 2012-2013 год.“, КОМ (2012)600 последна верзија)*

*Секретаријатот за европски прашања интервенираше во текстот со замена на референцата „поранешна југословенска Република Македонија“ со уставното име „Република Македонија“*

Република Македонија продолжува задоволително да ги исполнува **политичките критериуми.** Земјата и понатаму ги исполнува нејзините заложби согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Владата ја стави агендата за ЕУ во центарот на своите активности. Пристапниот дијалог на високо ниво (ХЛАД) со Комисијата послужи како катализатор за забрзување на реформите и придонесе кон значителен напредок во голем број на клучни политички области. Владата донесе предлози за подобрување на законодавната рамка за избори и во областа на слободата на изразувањето, за декриминализација на клеветата. Првиот преглед на Охридскиот рамковен договор од страна на Владата дава алатка за зајакнување на меѓуетничкиот дијалог. Моментумот на реформи треба да се задржи во сите области од политиките критериуми, особено за да се обезбеди спроведување. Собранието го разгледува соодветното законодавство. Треба да се задржи вниманието на владеењето на правото, вклучувајќи ја и слободата на изразувањето, како и на меѓуетничките односи и помирувањето. Инклузивниот пристап со граѓанското општество треба да се унапреди.

Охридскиот рамковен договор (ОРД) и понатаму е основен елемент за ***демократијата и владеењето на правото*** во земјата. Владата започна со преглед на спроведувањето на ОРД од 2001 год., со цел да се изгради консензус за резултатите и предизвиците кои претстојат. Тензиите помеѓу етничките заедници по насилните инциденти во првата половина од 2012 год. предизвикаа загриженост. Владата одговори зрело на овој предизвик и тоа треба да се надградува за дополнително да ги зајакне меѓуетничките односи и помирувањето, вклучувајќи го и статусот од жртвите од конфликтот од 2001 год. Постигнат е одреден дополнителен напредок во врска со поширокото спроведување на Законот за јазиците.

Функционирањето на *собранието* е подобрено и се одржува политичкиот дијалог, особено што се однесува до интеграцијата во ЕУ. Постои напредок во спроведувањето на Законот за јазиците и Деловникот. Владата донесе предлози за подобрување на рамката за избори, кои сега се разгледуваат од страна на Собранието. Неопходни се континуирани напори за целосно исполнување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР.

Продолжи соработката во владината коалиција и истата беше успешна во обидот да го стави пристапниот процес во центарот на политичката агенда. Владата ефикасно го искоординира спроведувањето на ХЛАД врз основа на

сопствениот Патоказ. На полето на локалната самоуправа, треба да се забрза напредокот во однос на децентрализацијата, особено што се однесува до финансиската рамка.

Што се однесува до *јавната администрација*, постигнат е одреден напредок. Услугите за граѓаните беа подобрени и постепено се воведува е-влада. Во тек се консултации за главните реформи кои се однесуваат на рамката за администрацијата. Потребни се дополнителни напори со цел да се гарантира транспарентност, професионалност и независност на јавната администрација. Особено, треба да се обезбеди почитување на начелата на вработување и унапредување врз основа на заслуги.

Што се однесува до *судството*, во функција се законодавни и институционални заштитни мерки, но потребни се дополнителни напори за да се гарантира независноста и непристрасноста во пракса. Постигнат е напредок, особено во намалувањето на заостанати случаи. Потребни се дополнителни напори за да се создадат јасни и транспарентни основи за пропорционални постапки за разрешување и значително да се подобри спроведувањето на назначувањето на судии врз основа на заслуги и развој на кариера. Академијата за судии и обвинители треба дополнително да се поддржи во нејзината клучна улога во развојот на професионална и високо-квалификувана судска и обвинителска служба.

Во областа на *антикорупциската политика*, постои законска рамка и капацитетите се незначително зајакнати, но, потребни се поголеми напори во однос на спроведувањето на постојните закони. Преземени се чекори за подобрување на капацитетите за верификација, и на извршните овластувања на органите. Сепак, постигнат е мал видлив напредок во однос на крајните резултати. Допрва треба да се востанови евиденција за управување со случаи на корупција на високо ниво. Потребен е повисок степен на проактивност и координираност, од страна на телата за супервизија и органите за спроведување на законот. Треба да се подобри собирањето и анализата на статистичките податоци, заради насочување на напорите каде што е најпотребно. Корупцијата останува распространета во многу области и продолжува да претставува сериозен проблем.

Постигнат е одреден напредок во однос на *борбата против организираниот криминал*, особено преку издавање на над 100 меѓународни налози за апсење и добра соработка преку Интерпол и со Европол. Законот за следење на комуникациите беше изменет, со што се зајакна ефикасноста и транспарентноста на посебната истражна мерка. Потребни се понатамошни напори за зајакнување на капацитетите на извршните органи и за подобрување на нивната меѓусебна соработка и размена на информации. Земјата е напредна во областа на полициска соработка и борба против организиран криминал.

Правната и институционалната рамка за ***човекови права и заштита на малцинствата*** целосно е воспоставена. *Граѓанските и политичките права* се почитуваат во голем дел, а направен е и одреден дополнителен напредок. Дијалогот на тркалезна маса со новинарите се покажа како важен форум за решавање на клучните предизвици во областа на медиумите. Владата усвои

предлози за декриминализација на клевета преку донесување на Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Кривичниот законик треба да се ревидира во согласност со овој пристап. Советот за радиодифузија почна да ги применува законските одредби против концентрација на сопственоста и конфликт на интереси со политичката сфера. Советот за радиодифузија треба да покаже дека следи недискриминирачки и транспарентен пристап. Останува голема загриженоста во однос на недостатокот од плурализам и самоцензура. Потребни се континуирани напори за да се одговори на предизвици кои се поврзани со ова како што се транспарентноста на рекламирањето на владата и работничките права на новинарите.

Може да се забележи одреден напредок во однос на зајакнувањето на *социјалните и економските права*. Економско-социјалниот совет се состанува редовно. Комисијата за заштита од дискриминација е ангажирана во обработка на жалбите иако нејзините ресурси се ограничени. Законот за анти-дискриминација треба да биде целосно усогласен со *acquis*, особено во однос на дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација. Постои потреба за подобра заштита на правата на жените, вклучувајќи од ранливите групи, како и дополнителни напори за да се зголеми нивното учество на пазарот на трудот и во политичкиот живот. Социјалната интеграција на лицата со инвалидитет и натаму останува слаба.

Општо земено, беше постигнат одреден напредок во областа на *културните права и малцинствата*. Започнат е преглед на Охридскиот рамковен договор кој вклучува препораки за решавање на тековните предизвици. Треба да се следи прегледот и конкретната етничка соработка. Од клучно значење ќе биде зајакнување на довербата помеѓу етничките заедници. Во однос на Ромите, беа преземени неколку активности, особено за решавање на прашањето на лицата без документи и за интегрирање на Ромите бегалци. Треба значително да се зајакне спроведувањето на постојните стратегии и меѓуинституционалната соработка.

Во поглед на ***регионалните прашања и меѓународните обврски***, земјата продолжува во целост да соработува со Меѓународниот суда за поранешна Југославија (МКСЈ). Нема заостанати случаи или жалби во постапка во ХАГ. Од четирите предмети кои МКСЈ ги отстапи назад на националните власти во 2008 година, еден беше разрешен во 2011 година од страна на домашниот судски систем, а останатите три беа разрешени во 2012 година, во согласност со барањето на Јавното обвинителство и врз основа на Законот за амнестија

Што се однесува до Меѓународниот кривичен суд, билатералната спогодба за имунитет со Соединетите држави не е во согласност со Заедничкиот став и водечките начела на ЕУ. Земјата треба да се усогласи со ставот на ЕУ.

Земјата и понатаму активно учествува во регионалните иницијативи за соработка, вклучувајќи го процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕЦП), Советот за регионална соработка (СРС) и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА). Таа го презеде претседавањето во Канцеларијата на СЕЕЦП во јуни 2012 година. Седиштето на Секретаријатот на здравствена мрежа на Југоисточна Европа (СЕЕХН) е основано во Скопје. Земјата и понатаму продолжува со придонес кон мисијата на ЕУ АЛТЕА во

Босна и Херцеговина.

Република Македонија одржува целосна конструктивна улога во однос на билатералните односи со соседните земји-членки и другите земји кои се дел од процесот на проширување. Односите со партнерите во Западен Балкан и дополнително се развиваат. Односите со Грција остануваат под влијание на прашањето со името. Меѓународниот суд на правдата донесе пресуда во однос на Времената спогодба со Грција. Земјата продолжи со преговори, под закрилата на ОН и преку директни средби со Грција. Разговорите, под закрила на ОН за преговарање и меѓусебно прифатливо решение треба да се постигнат со зголемена желба, преку насочување кон билатерални средби и контакти. Треба да се избегнуваат активностите и изјавите кои негативно влијаат врз добрососедските односи.

**Економијата** на земјата продолжи да расте со забавено темпо во 2011 година, но опадна во првата половина на 2012 година. Растот е базиран на издржлива домашна побарувачка, додека надворешната побарувачка е во опаѓање. Продолжија структурните реформи, но во целост со бавно и постепено темпо. Постои одреден понатамошен напредок во поедноставување на регистрација на фирмите, забрзување на судските процедури и продлабочување на финансиското посредување. Сепак, постои мало постигнување во решавањето на превисоката стапка на невработеност, која најчесто е структурна и влијае главно на младите и на необразованите.

Во поглед на **економските критериуми**, Република Македонија продолжува со добриот напредок. Во одредени области, има направено понатамошен напредок кон функционална пазарна економија. Земјата треба да биде способна да се справи со конкурентските притисоци и пазарните сили во рамките на Унијата на среден рок,под услов да се спроведува реформска програма со цел намалување на значителните структурни слабости..

Земјата одржа широк консензус за суштинските работи на економските политики. Монетарната политика , базирана де факто на фиксниот девизен курс за еврото ,придонесе на макроекономска стабилност. Фискалната политика ја зачува потрошувачката главно во согласност со растот на приходите. Приватизацијата во поголем дел е завршена. Либеларизацијата на цените и трговијата во голема мера е завршена.Понатамошен напредок е постигнат во олеснувањето на влезот на пазарот и во поедноставувањето на регулаторната рамка. Просечното траење на забрзаните судски постапки на стечајните постапки е намелено. Регистрацијата на имот е речиси завршена. Финансискиот сектор досега прилично добро ги преброди турбуленциите на финансискиот пазар и го одржува својот тренд на зголемување на посредување и проширување на пазарот. Продолжува постепениот напредок во образовниот сектор.
Зголемувањето на странските директни инвестиции помогна да се прошири извозната структура на пазарот.

Сепак, квалитетот на фискалното владеење дополнително се влоши; среднорочното планирање и управувањето со јавните расходи е влошено, а транспарентноста и сигурноста на сметките на јавниот сектор опадна. Понатаму, краткорочната ориентација за потрошувачка со низок раст со

зголемување на ефикасноста продолжи Долгот на јавниот сектор значително се зголеми. Невработеноста останува многу висока. Функционирањето на пазарот на трудот е попречено од структурни слабости. Нивото на образование и квалификација на човечкиот капитал е ниско. Слично на тоа, физичкиот капитал треба да се модернизира и продлабочи.
И покрај постпеното подобрување во функционирањето на пазарната економија и понатаму продолжува да биде попречена од институционалните и судските слабости.

Некои регулаторни и надзорни агенции сè уште ги немаат потребните ресурси и сила ефикасно да ги исполнат своите функции. Капацитетот и ефикасноста на јавната администрација во обезбедувањето на услуги за претпријатија бара подобрување. Неформалниот сектор останува важен предизвик.

Република Македонија направи напредок во подобрувањето на сопствената **способност за преземање на обврските за членство**, особено во областите на слободно движење на стоки, конкурентност, безбедност на храна и ветеринарна политика и Транс- Европски мрежи. Потребни се дополнителни напори во другите области како што се животна средина, социјална политика и вработување и регионална политика и координација на структурните инструменти. Општо земено, земјата има постигнато добро ниво на усогласеност со *acquis* во оваа фаза на пристапниот процес. Исто така продолжи непречено да ги спроведува своите обврски во согласност со Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) и Комисијата предложи да премине во втора фаза на асоцијација.

Добар напредок е постигнат во областа на *слободно движење на стоки*, особено во областа на стандардизација и метрологија. Подготовките во областа на слободно движење на стоки бележат напредок. Одреден напредок е направен во областа на *слободно движење на работници*. Одреден напредок може да се забележи во областа на *право на основање и слобода на давање на услуги*, особено во однос на поштенските услуги. Меѓутоа, понатамошни напори се потребни во однос на спроведувањето на директивата за услуги и меѓусебното признавање на професионалните квалификации. Општо земено, државатабележи напредок во оваа област. Има одреден напредок во областа на *слободно движење на капитал*. Понатамошна либерализација на движењето на капиталот и плаќањата е предмет на транзиција во втората фаза на ССА, коешто се разгледува од страна на Советот. Подготовките во оваа област се во добар парвец.

Одреден напредок е постигнат во областа на *јавните набавки*, каде нивото на усогласување е напреднато, со исклучок на правните лекови и набавките во областа на одбраната. Административниот капацитет во областа на правните лекови и концесии и понатаму останува слаб. Добар напредок е направен во областа на *законодавството за трговски друштва*, посебно на полесто на ревизијата. Квалификациите на овластените ревизори стекнати во странство допрва треба да се признаваат. Општо земено, во оваа област подготовките бележат умерен напредок. Одреден напредок е направен во областа на *интелектуалната сопственост*, каде законодавната рамка и административниот капацитет беа дополнително подобрени. Меѓутоа, поголеми

напори се потребни во областа на спроведување и примена. Општо земено, усогласувањето во оваа област бележи умерен напредок.

Добар напредок е направен во областа на *политиката на конкуренција* со подобрувањето на евиденцијата за извршување. Во оваа област подготовките бележат напредок. Потребно е дополнително да се зајакне потпомагањето на ресурсите на органот надлежен за конкуренција. Во однос на *финансиските услуги*, направен е напредок во областа на банкарството, осигурувањето и пазарите на хартии од вредност и инвестициските услуги. Останув да се постигне усогласувањето со клучното *acquis* во областа на финансиската пазарна инфраструктура. Општо земено, усогласеноста со *acquis* во оваа област бележи умерен напредок.

Може да се забележи напредок во областа на *информатичкото општество и медиумите*. Усогласувањето со *acquis* продолжи и клучните конкурентски заштитни мерки започнаа да се прменуваат. Во областа на аудиовизуелна политика, активностите на Советот за радиодифузија се зголемија, но треба да се обезбеди недискриминирачки пристап. Во оваа област подготовките бележат умерен напредок. Одреден напредок е постигнат во областа на *земјоделски и рурален развој*, каде подготовките остануваат умерено напреднати. Има понатамошно подобрување во утврдувањето на Интегрираниот систем за администрација и контрола. Усогласувањето со *acquis* бара понатамошни напори. Административниот капацитет останува грижа за целиот секторот.

Има добар напредок во областа на *безбедност на храна и ветеринарна политика*, особено во однос на јакнење на институциите, и спроведување на програмите за искоренување на животинските болести. Мал напредок се забележува во *фитосанитарната* област, каде административниот капацитет и координацијата меѓу надлежните органи не е подобрена. Подготовките, општо земено, во областа на безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика остануваат умерено напреднати.

Мал напредок може да се забележи во областа на *транспортната политика*. Одреден напредок може да се забележи во усогласувањето со *acquis* во патниот транспорт, но не во безбедноста на патиштата, што останува грижа. Законодавството за железнички сообраќај треба понатаму да се усогласува со *acquis*. Измена на законодавството за затворање на пазарот на железничкиот сообраќај за конкурентност до пристапување во ЕУ го уназадува веќе постигнатото усогласување со *acquis*. Комитетот за истрага при несреќи за железницата треба да стане оперативен со цел да дејствува како независно тело. Одреден напредок е направен во *енергетскиот* сектор, особено со донесувањето на законодавството за спроведувањето кое произлегува од Законот за енергетика од 2011 година. Исто така, направен е одреден напредок во секторот на обновлива енергија. Целосна либерализација на електричната енергија и пазарот на природен гас треба допрва да се постигнат. Во оваа област подготовките бележат умерен напредок.

Забележан е ограничен напредок во областа на *оданочувањето*. Сеуште се неопходни напори за усогласување на националното законодавство со *acquis-то*, за да се зајакне спречувањето на даночните измами и даночните затајувања

и да се земат предвид ИТ капацитетите и кадровските капацитети. Севкупно, подготовките во областа на оданочувањето се умерено напреднати.

Подготовките во областа на *економската и монетарната политика* се напреднати и направен е мал понатамошен напредок. Подготовките во оваа област се напреднати. На полето на *статистиката*, постигнат е напредок во поглед на усогласувањето на секторската статистика и преносот на податоци. Општо земено, подготовките во областа статистика се умерено напреднати.

Мал напредок е забележан во областа на *социјалната политика и вработувањето*. Стапките на невработеност и сиромаштија се високи, а учеството на жените во пазарот на труд и понатаму е слабо. Одреден напредок е постигнат на полето на социјалниот дијалог, но улогата на социјалните партнери треба повеќе да се зајакне. Ратификувани се Конвенцијата на ОН за права на лицата со инвалидност и Опциониот протокол кон конвенцијата. Бавно напредува вклучувањето на Ромите, на лицата со инвалидност и други социјално маргинализирани лица. Механизмот за спречување и заштита од дискриминација е во функција, но не е целосно оперативен. Општиот административен капацитет треба значително да се зајакне. Општо земено, подготовките во оваа област не се многу напреднати.

Забележан е одреден напредок во областа на *претпријатијата и индустриската политика*. Донесени се различни стратегии и мерки, што покажува постоење на силни заложби да се подобри деловната клима. Меѓутоа, спроведувањето е нерамномерно распространето кај одреден број некоординирани и слабо финансирани тела. Мерките допрва треба да станат целосно ефикасни.

Постигнат е напредок во областа на *трансевропските мрежи*. Развојот на транспортните, енергетските и телекомуникациските мрежи продолжува и земјата активно учествува во Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа и во Енергетската заедница. Склучен е договор и започнати се работите околу изградбата на коридорот X, кои се делумно финансирани според III компонента на ИПА. Подготовките во оваа област се умерено напреднати.

Забележан е ограничен напредок во областа на *регионалната политика и координацијата на структурните инструменти*. Треба да се подобри управувањето со ИПА програмите за да се обезбеди целосна и навремена апсорпција на фондовите на ЕУ. Потребни се дополнителни напори за да се реши проблемот околу недостатоците во системите за управување и контрола. Особено треба да се зајакне кадарот и квалификациите на оперативните структури и Секторот за централно финансирање и склучување договори во рамките на Министерството за финансии. Подготовките во оваа област се умерено напреднати.

Забележан е одреден напредок во областа на *судството и фундаменталните права*, особено во намалувањето на заостанатите судски случаи. Потребни се дополнителни подобрувања во судските вработувања врз основа на заслуги, прецизни и предвидливи основи за разрешување и правилната употреба на статистички алатки. Во областа на антикорупциската политика, законската

рамка е во сила и капацитетот е малку зајакнат, но потребни се поголеми напори за да се развие евидентирањето на истраги, обвиненија и пресуди, бидејќи не е забележан напредок во овој поглед. Што се однесува до основните права, постигнат е одреден напредок во областа на слободата на изразување, особено кон декриминализација на клеветата. Релевантните институции треба да станат ефикасни во промовирање и заштита на основните права во практика. Охридскиот рамковен договор останува важен елемент за демократијата и владеењето на правото во земјата. Подготовките во областа на судството и основните права се умерено напреднати.

Забележан е напредок во областа на *правдата, слободата и безбедноста*, особено за надворешните граници и царинската соработка, како и за следење на комуникациите. Потребни се дополнителни напори за да се подобри ефикасноста на постапката за азил, да се обезбеди вработување во полицијата исклучиво според заслуги, да се зајакне борбата против организираниот криминал да се подобри запленувањето на дрога. Општо земено, подготовките во оваа област се напреднати.

Може да се забележи мал напредок во областа на *науката и истражувањето*. Општата нивона учество во рамковните програми на ЕУ и понатаму е добро. Подготовките за Националната програма за за истражување и развој и Стратегијата за иновации се напреднати, но документите треба да се донесат. Во оваа област, земјата делумно ги исполнува целите.

Постигнат е одреден напредок во областа на *образование*, обука, млади и *култура*. Земјата продолжи да ги подобрува своите остварувања во однос на заедничките одредници за Образование и обука 2020. Повторно се започнати подготвителните мерки за програмите Доживотно учење и Млади во акција. Инвестициите треба да бидат подеднакво применети за сите делови од земјата и мултикултурното општество. Во областа на образованието и културата, земјата е умерено напредната.

Постигнат е ограничен напредок во поглавјето *животна средина и климатски промени*. Постигнат е дополнителен напредок во транспонирање на *acquis*-то во националното законодавство, особено во секторите за управување со отпадот, квалитет на воздухот и хемикалиите. Потребни се значајни напори со цел да се спроведе националното законодавство, особено во областа на управување со водите, контрола на индустриското загадување, заштита на природата и климатските промени. Општо земено, подготовките во областа на животната средина се умерено напреднати, а во областа на климатските промени остануваат во рана фаза.

Постигнат е одреден напредок во областа на *потрошувачи и здравствена заштита*, особено во поглед на правната и институционалната рамка. Понатамошниот напредок е попречен од ограничените финансиски ресурси и слабите оперативни структури, особено во областа на заштита на потрошувачите. Општо земено, подготовките во оваа област се умерено напреднати.

Постигнат е напредок во областа на *царинската унија*, особено во административниот и оперативниот капацитет. Продолжува да се подобрува

соработката помеѓу агенциите, борбата против корупцијата во царинската администрација и капацитетот за спречување прекуграничен криминал. Подготовките во областа на царинската унија се на добар пат.

Постигнат е одреден напредок во областа на *надворешните односи*, особено во однос на заедничката трговска политика. Сепак, институционалниот капацитет на земјата сè уште не е доволен за целосно да учествува во трговските, развојните и хуманитарните политики на ЕУ. Подготовките во областа на надворешните односи се умерено напреднати.

Постигнат е континуиран напредок во областа на *надворешна, безбедносна и одбранбена политика*. Земјата го одржуваше своето високо ниво на придружување кон со Декларациите на ЕУ и Одлуките на Советот и продолжи да учествува во цивилните и воените операции за управување со кризи. Општо земено, подготовките во областа на надворешната, безбедносната и одбранбената политика се добро напреднати.

Во однос на *финансиската контрола*, имаше одреден напредок, особено во однос на надворешната ревизија и заштитата на еврото од фалсификување. Сепак, земјата сè уште е во рана фаза на практично спроведување на јавната внатрешна финансиска контрола. Општо земено, подготовките во ова поглавје се во рана фаза. Не е постигнат посебен напредок во однос на *финансиските и буџетските одредби*. Треба да се зајакнат функционалните институции за исполнување на административната рамка за правилно пресметување, предвидување, собирање, плаќање, следење и известување на сопствената рамка на ресурси. Подготовките во оваа област се во рана фаза.